РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

Архивски знак: 0105
Рок на чување: 28.12.25 год.
20 година
Потпис:

01.10.00.СТ.051.01

# СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОВОЛНОСТИТЕ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ОДОБРЕНИЈА ЗА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР 2024-2026

Содржина

1. ВОВЕД .......... 5

2. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ .......... 9

3. АКТИВНОСТИ .......... 10

4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ .......... 12

| Историја на документот | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | | Прво издание | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

| Референтни документи | |
|---|---|
| Референца | Наслов на документот |
| Конвенции на Светската царинска организација, прирачници, компендиуми и други документи | SAFE Рамката за стандарди за обезбедување и олеснување на глобалната трговија (SAFE Framework of Standards to Secure and Facilitate Global Trade) |
| | Компендиум за овластен економски оператор (AEO Compendium) |
| | FoS e-commerce – Рамката за стандарди за прекугранична е-трговија (Framework of Standards on Cross-Border E-Commerce) |
| | Стратешки план на Светската царинска организација 2022-2025 (WCO Strategic Plan 2022-2025) |
| | Стратешки прирачник за Договори за взаемно признавање (Mutual Recognition Arrangement/Agreement Strategy Guide |
| Меѓународни договори | Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (ОЕОС) |
| | Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за взаемно признавање на одобренијат за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (ОЕОС) |
| | Протокол помеѓу Министерство за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерство за финансии – Царинска управа на Република Србија за спроведување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (ОЕОС) |
| | Протокол помеѓу Министерство за финансии – Царинска управа на |

| | |
|---|---|
| | Република Северна Македонија и Министерство за финансии и економија – Генерален директорат за царини на Република Албанија за спроведување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (ОЕОС) помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија |
| Национални стратегии | Стратегија за развој на Царинската управа 2024-2026 |
| Закони | Закон за Царинската управа „Службен весник на Република Македонија" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр 122/2021 |
| | Царински закон „Службен весник на Република Македонија" број 39/2005; 4/2008; 48/2010; 158/2010; 44/2011; 53/2011, 11/2012, 171/12, 187/2013, 15/2015, 129/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 44/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/2021 |
| Подзаконски акти | Уредба за спроведување на царинскиот закон „Службен весник на Република Македонија" број 66/05; 73/06; 40/07; 62/07; 42/09; 48/09; 38/10; 46/10; 61/10; 141/11; 147/11; 158/11, 14/12, 2/13, 92/13, 177/13, 62/15, 111/15, 215/15, 192/16, 21/17, 181/17, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 199/19 и 179/21) |
| Прирачници | Прирачник за овластен економски оператор |

| Термин или кратенка | Значење |
|---|---|
| ЦЗ | Царински закон |
| УСЦЗ | Уредба за спроведување на царинскиот закон |
| ОЕО | Овластен економски оператор |
| ОЕОЦ | Овластен економски оператор за царински поедноставувања |
| ОЕОС | Овластен економски оператор за безбедност и сигурност |
| TRS | Time Release Study +<br>Студија за мерење на времето на царинење |
| СОЦДАД | Систем за обработка на царински и акцизни документи |

Врз основа на член 7 став 4 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18, 248/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија број 122/21) директорот на Царинската управа на Република Северна Македонија донесе

# СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПОВОЛНОСТИТЕ НА ИМАТЕЛИТЕ НА ОДОБРЕНИЈА ЗА ОВЛАСТЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР 2024-2026

## 1. ВОВЕД

Со исполнување на критериумите пропишани со член 6-б од ЦЗ подносителот на барање за ОЕО се здобива со статусот овластен економски оператор преку два вида на одобренија: ОЕОЦ и ОЕОС. ЦЗ дава можност еден имател да е одобрен и за двата вида на одобренија (комбинирано одобрение).

Имателите на одобренија ОЕО со здобивањето на статусот имаат право на поволности кој ги дава царинскиот орган пропишани со членот 6-а од ЦЗ и членовите 10-ѓ, 10-е, 10-ж и 10-т од УСЦЗ.

Обемот и видот на поволностите зависат од видот на издаденото одобрение ОЕО.

| Видови поволности | ОЕОЦ | ОЕОС |
|---|---|---|
| Поедноставен пристап кон царинските поедноставувања | X | |
| Помалку физички и документарни контроли | | |
| - Поврзани со безбедност и сигурност | | X |
| - Поврзани со други царински прописи | X | |

| Видови поволности | ОЕОЦ | ОЕОС |
|---|---|---|
| Претходно известување во случај доколку ОЕО е селектиран за контрола поврзана со безбедност и сигурност | | X |
| Претходно известување во случај доколку ОЕО е селектиран за контрола поврзана со други царински прописи | X | |
| Предност во случај кога ОЕО е селектиран за контрола | X | X |
| Можност за избор на местото каде ќе се врши царинската контрола | X | X |
| Взаемно признавање со други земји | | X |
| Повластен третман и приоритет при одлучување по барања поднесени од имателот на ОЕО | X | X |
| Бесплатна обука за новини во царинското законодавство на секои две години за одговорното лице за царински прашања и петмина вработени (во зависност од потребите на ОЕО) | X | X |
| Употреба на приоритетна лента на граничен премин, каде е возможно | X | X |

Давањето на поволностите на имателите на одобренија ОЕО се остварува првенствено преку СОЦДАД со препознавање и идентификација на имателот на одобрение ОЕО при спроведување на царинските постапки и со непосреден акт на вклучените царински службеници.

Целосноста во давањето на поволностите за имателите на одобренија ОЕО од страна на царинскиот орган, со акцент на поволностите поврзани со предност при спроведување на контроли и помалку физички и документарни контроли во дел од случаите е причинско зависна од другите државни органи кои на некој начин се поврзани во спроведувањето на царинските постапки преку издавање на дозволи, одобренија, уверенија или потврди за стоката предмет на царинската постапка. Соработката со другите државни органи претставува еден од клучните елементи за унапредување на поволностите и самата ОЕО програма.

Вклученоста на другите државни органи, особено агенции или инспекциски служби на граничните премини, во голема мерка може да придонесе во неможноста од давање на поволностите за имателите на ОЕО во целост или истата да придонесе кон одолжување на давањето на пропишаните поволности. Индикатори за наведеното се предмет и на TRS спроведена во 2022 година.[1]

Поволноста „взаемно признавање со други земји" се однесува само на одобренијата ОЕОС. Основот на оваа поволност е склучен договор на Република Северна Македонија со други земји што значи признавање на поволностите за имателите на одобрение ОЕОС регистрирани во тие земји и обратно признавање и давање на тие поволности за имателите на ОЕОС од Република Северна Македонија при спроведување на царинските постапки во земјите договорнички.

Република Северна Македонија има склучено две спогодби за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор – безбедност и сигурност и тоа:

- Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (ОЕОС) – објавена во Службен весник на Република Северна Македонија број 259/19 и
- Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за взаемно признавање на одобренијат за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (ОЕОС) – објавена во Службен весник на Република Северна Македонија број 151/22.

За целите на операционализација на наведените спогодби со Република Србија и Република Албанија склучени се и Протоколи за спроведување на спогодбите за

[1] TRS е објавена на интернет страницата на Царинската управа на следниот линк Microsoft Word - TRS Macedonia Final Report 2022.05.31 Clean (customs.gov.mk)

взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (ОЕОС).

Натамошното унапредување на поволностите на имателите на ОЕО преку склучување на идни договори за взаемно признавање претставува и дел од Стратегијата за развој на Царинската управа на Република Северна Македонија за период 2024-2026, Програма 4 – Регионална економска соработка.

Преку унапредување на поволностите за имателите на ОЕО се создаваат услови за остварувањето на стратешките приоритети на оваа Стратегија, а сѐ со цел подигнување на нивото и значењето на самиот статус за имателите на одобренија, царинските службеници и можните иматели на одобренија.

На крајот од 2023 година Царинската управа има издадено вкупно 27 одобренија ОЕО од кои:

- 14 одобренија за царински поедноставувања/безбедност и сигурност – ОЕОЦ/ОЕОС;
- 6 одобренија за царински поедноставувања – ОЕОЦ;
- 7 одобренија за безбедност и сигурност – ОЕОС.



Според улогите во меѓународниот синџир на снабдување кои го имаат одобрените иматели на одобренија може да се класифициираат во следните категории:

- Царински застапник и држател на царински склад (CB/WH) – 5 иматели;
- Производител, извозник и увозник (MF/EX/IM) – 7 иматели;
- Царински застапник, држател на царински склад и превозник (CB/WH/TR) – 6 иматели;
- Царински застапник (CB) – 3 иматели;
- Превозник (TR) – 5 иматели;
- Увозник (IM) – 1 имател.




## 2. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

Со унапредувањето на поволностите за имателите на OEO, нивното целосно спроведување, како во царинското подрачје така и во земјите со кои се склучени договори за взаемно признавање, се овозможува остварување на стратешките приоритети на оваа Стратегија и тоа:

- Зголемување на соработката со другите државни органи;
- Спроведување на склучените договори за взаемно признавање;
- Склучување на нови договори за взаемно признавање;
- Олеснување на трговијата за имателите на одобренија OEO;
- Проширување на OEO концептот на учесниците во е-трговијата;

- Зголемување на ефикасноста на спроведување на царинските постапки од страна на вработените во Царинската управа;
- Континуирана промоција на ОЕО програмата.

## 3. АКТИВНОСТИ

Остварувањето на стратешките цели зависи од преземање на активности во повеќе сегменти.

### 3.1 Формирање на работна група за ОЕО со други државни органи

- Подготвителни активности за формирање на работна група преку барања за номинации за членови од Фитосанирарна управа и Агенција за храна и ветеринарство;
- Формално формирање на работната група, со конкретни цели, работни задачи и потребно време на исполнување на активностите од изготвениот акциски план;
- Одржување на квартални состаноци;
- Известување на раководните тела на учесниците во работната група за постигнатите и реализирани активности.

### 3.2 Иден развој на работната група за ОЕО

- Зголемување на бројот на членовите на работната група со претставници од други државни органи надвор од претставниците во активност 3.1;
- Зголемување на бројот на членовите на работната група со претставници од иматели на одобренија за ОЕО;

### 3.3 Меморандуми за разбирање/соработка

- Иницијатива за склучување на Меморандуми за разбирање/соработка со другите државни органи поврзани со спроведување на поволностите за имателите на одобрение ОЕО, размена на податоци и соработка и признавање на спроведените контроли;
- Ажурирање на веќе склучени Меморандуми за разбирање/соработка со другите државни органи и вклучување на одредби поврзани со поволностите

за имателите на одобрение ОЕО, размена на податоци и соработка и признавање на спроведените контроли;

- Иницијатива за склучување на Меморандум за разбирање/соработка со Агенцијата за цивилно воздухопловство поврзани со признавање на спроведените контроли и размена на податоци за иматели на одобренија за ОЕО и регулиран агент;

- Иницијатива за склучување на Меморандум за разбирање/соработка со Асоцијатацијата на иматели на одобренија за ОЕО;

- Иницијатива за склучување на Анекс на меморандум за разбирање/соработка со Асоцијацијата за е-трговија на Македонија.

### 3.4 ИТ систем

- Унапредување на функционалност на системот за економски оператори и управување со одобренија за ОЕО и размена на заеднички сет на податоци поврзани со договорите за взаемно признавање на ОЕО;

- Поврзување со ОЕО базата на ЦЕФТА со цел размена на информации и идентификување на имателите на ОЕО во ЦЕФТА од значење за склучените договори за взаемно признавање или идни склучени договори со страните на ЦЕФТА.

### 3.5 Транспарентност

- Редовно објавување на сите активности поврзани со унапредување на статусот ОЕО.

### 3.6 Обуки

- Организирање и спроведување на обуки за сите царински службеници за статусот ОЕО со акцент на потребните критериуми кои треба да се исполнат за стекнување на статусот и поволностите за имателот на статусот ОЕО;

- Организирање на обуки за учесниците во процесот на издавање на одобренија за безбедност и сигурност, финансиска солвентност и ИТ безбедност.

- Организирање на работилници за можни иматели на статусот ОЕО, стопански комори и државни органи на централно и регионално ниво.

### 3.7 Взаемно признавање

- Поднесување на барање за взаемно признавање на ОЕО програмата со ЕУ;
- Анализа на можни земји или територии, од интерес на Република Северна Македонија и деловната заедница, со кои би можело да се склучат Договори за взаемно признавање како и иницијатива за нивно склучување.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Мерливоста на реализацијата на оваа Стратегија и спроведувањето на предвидените активности се врши преку 01.10.0.СТ.051.01-ОБ.01.01 Акцискиот план кој е составен дел на оваа Стратегија.

Акцискиот план ги содржи утврдените активности, носителите на реализацијата на истите, индикаторите за успешност и потребните рокови за нивно спроведување.

Со потпишувањето на оваа Стратегија, 01.10.00.СТ.046.01 Стратегијата за унапредување на статусот овластен економски оператор 2021-2023 бр. 01-067927/18-0002 од 06.07.20121 година престанува да важи.

Оваа Стратегија стапува во сила со денот на потпишувањето.

Директор,
Стефан Богоев

Бр. 01-067927/18-0003
Скопје, 03-01-2024 г.

Изработил: Билјана Гаџовска
Одобрил: Соња Филевска
Согласен: Гордана Динеска

| | |
|---|---|
| Стратегијата ја подготви: | Сектор за царински систем, Одделение за царински и даночни постапки |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија,<br>Управници на царинарници. |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Сектор за управување со човечки ресурси<br>Архива |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.10.00.СТ.051.01-ОБ.01.01

# АКЦИСКИ ПЛАН
## за спроведување на Стратегијата за унапредување на поволностите на имателите на одобренија за овластен економски оператор
## 2024-2026

Декември 2023

| Ред.бр | Активност | Индикатор на успешност | Носител | Учесник | Рок |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Формирање на работна група за ОЕО со претставници на Агенција за храна и ветеринарство и Фитосанитарна управа | Решение за формирање на работна група и преземање активности за нејзина операционализација | СЦС | СУЧР | 15.01.2024 |
| 2. | Анализа и вклучување на членови во работната група за ОЕО од други државни органи и претставници на ОЕО | Решение за измена на работната група и преземање активности за нејзина операционализација | СЦС | СУЧР | 30.04.2024 |
| 3. | Подготвување на Меморандуми за разбирање/соработка со други државни органи кои за цел ќе имаат вклучување на поволности за имателите на ОЕО, размена на податоци и соработка и признавање на спроведените контроли | Потпишани Меморандуми | СА | СЦС | 31.12.2025 |
| 4. | Поврзување со ОЕО базата на ЦЕФТА | Размена на податоци | СИКТ | СЦС | 30.06.2024 |
| 5. | Иницијатива за склучување на Договор за взаемно признавање на ОЕО програмата со ЕУ | Склучен договор | СМСПЕИ | СЦС | 31.12.2025 |
| 6. | Склучување на Договори за взаемно признавање на ОЕО програмата | Склучени договори | СМСПЕИ СЦС | | 31.12.2026 |
| 7. | Обуки за ОЕО за сите царински службеници | Спроведени обуки | СЦС | СУЧР | Континуирано |
| 8. | Обуки за за учесниците во процесот на издавање на одобренија за безбедност и сигурност, финансиска солвентност и ИТ безбедност | Спроведени обуки | СУЧР | | Континуирано |
| 9. | Работилници со можни иматели на одобренија, стопански комори и државни органи | Спроведени работилници | СЦС | СУЧР | Континуирано |
| 10. | Усогласување на Прирачникот за ОЕО согласно рев.верзија 7 на Прирачникот за ОЕО на ЕУ | Донесен Прирачник за ОЕО | СЦС | | 6 месеци од денот на објавување на ЕУ Прирачникот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | за ОЕО |
| 11. | Унапредување на функционалност на системот за економски оператори и управување со одобренија согласно АП 5 | Ставање во продукција на нова верзија на МЕОС | СЦС | СОЦДАД | 31.12.2024 |
| 12. | Анализа на можноста за структурна и постојана размена на информации меѓу организациските единици на Царинската управа и информации за ризик со други државни органи | Изработена анализа | СКИ | СИКТ | 30.09.2024 |